Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јуни 2023 година.

Бр. 08-3246/1 | Претседател на Република

14 јуни 2023 година | Северна Македонија,

Скопје | Стево Пендаровски, с.р.

Претседател

на Собранието на Република

Северна Македонија,

м-р Talat Xhaferi, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија” број 38/14 и 106/16), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

### Член 2

По членот 5 се додаваат нов наслов и нов член 5-а, кои гласат:

„Регистар на збирки на просторни податоци Член 5-а

(1) Евидентирањето на збирките на просторни податоци за темите дефинирани во членот 5 од овој закон и дефинирањето на субјектите во НИПП во чија надлежност се податоците, се врши во Регистарот на збирки на просторни податоци.

(2) Регистарот на збирки на просторни податоци се води од Агенцијата за катастар на недвижности, како дел од националниот геопортал.

(3) Формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци, постапката, начинот и роковите на доставување на информациите за податоците од страна на субјектите во НИПП ги пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Агенцијата за катастар на недвижности.

(4) Субјектите во НИПП се должни ажурираните информации за податоците од збирките од членот 5 од овој закон, кои се во нивна надлежност, постојано да ги доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности заради водење и ажурирање на Регистарот на збирки на просторни податоци.

(5) Информациите и податоците содржани во Регистарот на збирки на просторни податоци се ажурираат еднаш годишно.“.

Член 3

Во членот 11 став (3) на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„постапката и роковите поврзани со издавањето на дозволата, формата и содржината на барањето за откажување од поврзувањето, како и постапката и роковите поврзани со откажување од поврзувањето.“.

Член 4

Во член 20 став (1) точката 11) се менува и гласи:

„Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците;“.

Во точката 19) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 20) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 20) се додаваат три нови точки 21), 22) и 23), кои гласат:

„21) Министерството за здравство;

22) Министерството за образование и наука и

23) Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.“.

Во ставот (2) сврзникот „и“ се заменува со запирка,

а по бројот „20“ се додаваат зборовите: „21, 22 и 23“.

Член 5

Во членот 27 став (3) алинеја 3 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 4 точката се заменува со сврзникот

„и“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- збирки на просторни податоци.“.

Член 6

Во членот 28 став (1) по зборот „члена“ се додаваат зборовите: „и технички секретар“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Техничкиот секретар од ставот (1) на овој член го номинира Агенцијата за катастар на недвижности од редот на вработените во единицата за административно-техничка поддршка на НИПП.“.
Ставот (4) станува став (5).

Член 7

Во членот 31 по зборовите: „со членовите“ се додаваат зборовите: „5-а став (3),“.

Член 8

По членот 33 се додаваат два нови наслова и два нови члена 33-а и 33-б, кои гласат:

„Прекршочни одредби
Член 33-а

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице што раководи со субјектот во НИПП, доколку не постапи во согласност со членот 8 став (1) од овој закон.

Прекршочна постапка

Член 33-б

(1) За прекршокот утврден во членот 33-а од овој закон прекршочната постапка ја води надлежниот суд во согласност со Законот за прекршоците.

(2) Пред поднесување барање за прекршочна постапка за прекршокот од членот 33-а од овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација води постапка за порамнување, во согласност со Законот за прекршоците.“.

Член 9

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 10

Регистарот на збирки на просторни податоци од членот 2 од овој закон, со кој се додава нов член 5-а, се востановува во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

(1) Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за статистика, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за планирање на просторот, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Градот Скопје и Геолошкиот завод на Република Северна Македонија, се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да извршат дигитализација на геопросторните податоци од членот 5 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 38/14 и 106/16).

(2) Во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за статистика, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за планирање на просторот, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Градот Скопје и Геолошкиот завод на Република Северна Македонија, се должни да обезбедат услуги за размена на геопросторните податоци.

(3) Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за статистика, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за планирање на просторот, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Градот Скопје и Геолошкиот завод на Република Северна Македонија, треба да извршат целосно усогласување со одредбите од овој закон најдоцна до 31 декември 2024 година.

Член 12

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.